# ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

НОВА МАКЕДОНИЈА

Број 61,
**Среда,**
16.2.2016

СЗПМ
**Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија**


# Продолжуваат проектите наменети за пензионерите

**Проектите „Бањско-климатска рекреација за корисници на пензија“ и „Бесплатен туристички викенд за корисници на пензија“ продолжуваат и во 2017 година. Со првиот проект ќе бидат опфатени 5.000, а со вториот 3.000 пензионери. Пријавувањето е до 20.02.2017 год.**



До 20 февруари 2017 година, сите заинтересирани пензионери можат да поднесат барање за користење на една од услугите од двата проекти во филијалите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија. Право на користење на услугите од овие проекти имаат корисниците на старосна, семејна и инвалидска пензија кои живеат во Република Македонија. Повикот за користење на услугите веќе е објавен на веб-страниците на Министерството и на Фондот на ПИОМ, а се емитува и на Македонската радио-телевизија.

Проектот „Бањско-климатска рекреација за корисници на пензија“ е прв проект кој започна да се имплементира во 2010 година, и оттогаш заклучно со ноември 2016 година вкупно 37.193 корисници на пензија ја искористија оваа услуга. Образецот на барањето го има во филијалите на Фондот на ПИОМ и на веб-страницата на Фондот на ПИОМ. Доколку корисникот на пензија користи и пензија од друга држава со која Република Македонија применува договор за социјално осигурување, задолжително доставува потврда од банка за износот на странската пензија, но ако, пак, корисникот на пензија користи паричен надоместок за помош и нега од друго лице, додаток за мобилност и слепило или додаток за глувост нема потреба да доставува потврда за користење на овие права, бидејќи ќе се врши проверка преку електронска размена на податоци меѓу институциите.

Услугата за бањско-климатска рекреација опфаќа шест полни пансиони, бањска терапија, задолжителен здравствен преглед и трошоци за превоз во висина на повратна автобуска карта по завршување на користењето на услугата. Лицата корисници на пензија што користат и паричен надоместок за помош и нега од друго лице, додаток за мобилност или слепило имаат право на придружник за време на бањско-климатската рекреација. Корисниците на пензија што ја искористиле услугата во претходните три години немаат право да ја користат оваа услуга и во 2017 година.

И во 2017 г. продолжува проектот за бесплатен туристички викенд, кој досега за две години го искористиле 4.740 корисници на пензија, а кој опфаќа два полни пансиони и организиран автобуски превоз од местото на живеење на корисникот до хотелот. Корисниците на пензија што ја искористиле оваа услуга во претходната 2016 година немаат право да ја користат оваа услуга и во 2017 година.

Рангирањето на корисниците на пензија кои ќе ги користат услугите се врши според бодови и тоа: до 50 бода ќе се добива во зависност од висината на пензијата, односно повеќе бодови за помала пензија, до 30 бода во зависност од времетраењето на користење на пензијата и должината на пензискиот стаж до остварувањето на правото на пензија, 10 бода за корисници на пензија кои пензијата ја оствариле како работници во рудници во подземен ископ со стаж на осигурување со зголемено траење и 10 бода за лица што користат паричен надоместок за помош и нега од друго лице, додаток за мобилност и слепило, додаток за глувост како и лица кои имаат инвалидност над 80 проценти.

Министерството за труд и социјална политика за овие два проекти во Буџетот за 2017 година има обезбедено финансиски средства во висина од 46 милиони денари.

Пензионерите најчесто се упатуваат до најблиската бања или дестинација до нивното место на живеење со цел трошоците да бидат помали, а бројот на корисници на овие благодати што поголем.

Инаку, пензионерите кои ги искористиле овие бенефиции се мошне задоволни, иако, се разбира, дека секогаш може да биде и подобро. Еве ги кажувањата за услугите на бањско-климатската рекреација на некои од нив.

Пензионерката Благица Маркулева вели дека е презадоволна од престојот во Дебарските Бањи.

Бањите кои ги познавав од порано не се тоа што биле некогаш. Тие сега нудат вистински хотелски услуги, разновидна и квалитетна храна. Во бањите има добар прием од здравствениот персонал, третманите се извршуваат во согласност со лекарските наоди и препораки. Доколку е можно повторно би ги користела ваквите услуги, бидејќи бањското лекување на секој пензионер му е потребно од разни здравствени причини - вели Маркулева.



Петре Петрески - Калимеро вели дека го поздравува проектот „Бањско-климатска рекреација на корисници на пензија“ на Министерството за труд и социјална политика, особено што ниту еден пензионер со пензија помала од 200 евра не може да си дозволи да користи 7 дена бесплатно бањско лекување и рекреација во ниту една бања. Мојот престој во бањите „Цапа“ во Дебар е повеќе од задоволителен од здравствени причини, бидејќи општо е познато колку помага бањското лекување, особено за нас пензионерите кои низ животот сме работеле на многу тешки и сложени работни задачи, на отворен простор или, пак, во фабрички услови. Со еден збор, бањите многу ми помогнаа од здравствен аспект, бидејќи работниот век го минав во градежништвото, под ведро небо и во секакви временски услови.

Цвета Наумоска исто така упати пофални зборови за својот престој во Дебарски Бањи. Таа е повеќе од задоволна од здравствените услуги на медицинскиот персонал, од нивното внимание и коректност, како и од сите други услови во бањите.

За мене беше интересно и што воспоставив пријателства, блискост и дружење со многу пензионерки, така што времето брзо и убаво ни поминуваше. Секој пензионер би посакал повторно да користи ваков вид рекреација, која е неопходна, но и посакувана, особено за нас што сме во третата животна доба со нарушено здравје и ниски примања.

Задоволни се и пензионерите кои минатата година користеле бесплатна бањско-климатска рекреација и во Негорски Бањи. Сите се едногласни во изјавите дека таму стекнале многу пријатели, добро се одмориле и рекреирале, а и подобро се чувствуваат од терапиите во бањата.

- Задоволен сум од персоналот и од условите во бањата. Секој ден правев терапии што ми ги одреди лекарката. За неколкуте денови поминати во бањата почувствував подобрување на здравјето - изјави Иван Зиламов од Скопје.

- Прекрасно си поминавме, се дружевме и се веселевме како да сме едно семејство. Благодарност до вработените кои во секој момент беа љубезни со нас. Запознав пријатели од Скопје, Кавадарци, Кочани и од некои други градови - раскажува видно задоволен Стојан Лазаровски од Пехчево.



**Проектите се добри за пензионерите, но и за развојот на туризмот во нашата земја**

По престојот во Негорски Бањи им раскажував на моите деца и внуци за убавините, за лековитите води, за другарувањето и поминатите незаборавни моменти. Голема благодарност до сите што го овозможија ова, вели Трајко Ѓорев од Кавадарци.

И од проектот „Бесплатен туристички викенд“ пензионерите се мошне задоволни. Бесплатниот викенд пензионерите обично го користат да ги посетат нашите езера, како и некои други познати излетнички места кои некогаш ги посетиле и сакаат пак да ги видат или имале желба, а таа дури сега им се исполнила.

Благодарение на проектот „Бесплатен туристички викенд“ престојувавме во Дојран, каде што бевме сместени во хотелот „Полин“. Превозот до оваа атрактивна и се повеќе посетувана дестинација од пензионерите беше во организација на агенцијата „Атлантис“ од Струмица. Импресионирани сме од приемот и од сместувањето во хотелот - со воодушевување раскажува Благица Стојчевска, пензионерка од Крива Паланка.

Овој викенд за целата група пензионери од ЗП-Крива Паланка ќе остане како незаборавно дружење кое не отргна од секојдневието оптоварено со проблеми и тешкотии што ги наметнува животот во третата доба, додава Стојчевска.

Вакви пофални зборови искажаа повеќе пензионери кои користеле бесплатна бањско-климатска рекреација во Катлановска Бања и во „Цар Самоил“ во Банско кај Струмица.

Овие проекти се добри за пензионерите, но и за развојот на туризмот во нашата земја, што значи дека придобивките се повеќекратни.

Заради сето ова Сојузот соработува со Владата и со Министерството за труд и социјална политика, како и со ФПИОМ и ФЗОМ, а секогаш во прв план е интересот на пензионерите и квалитетот на нивниот живот. **Калина С. Андонова**

ЗП-СОЛИДАРНОСТ-АЕРОДРОМ

# Успешно завршена јубилејната 2016 година

Во последниот месец, на заминувањето на јубилејната 2016 година на СЗПМ, во ЗП-Солидарност-Аеродром интензивно се завршуваа планираните активности. Новата 2017 треба да почне со нова програма за работа, без заостанати задачи од старата година.

Според планот и како што е редот, најпрво Активот на пензионерките одржа стручна седница која прерасна во релаксирано дружење. Во клубот „Јане Сандански“ за превенција од зимските заболувања и за дијабетесот предавање одржа д-р Милан Наумовски, а претседателката Слободанка Николовска го најави планот за работа во наредната година и на сите пензионери им посака добро здравје во 2017 година.





Музичката секција имаше редовна средба во клубот „Лисиче“. Се собраа многу љубители на музиката, а секако највесели беа членовите на фолклорната и пејачите од хорската група. Претседателот на комисијата за култура, Киро Бошкоски, ги поздрави присутните и им се заблагодари за постигнатите успеси. Според него, очекувањата се реални за уште поголеми достигнувања на двете групи.

Историската секција имаше состанок во клубот „Ново Лисиче“. Претседателката Лиле Ѓорѓиева ги поздрави присутните членови и гостинката Вера Бунтеска, актуелна претседателка на СБМ. Предавање од македонската историја одржа м-р Јован Мазгански. Темата беше „Готенската битка 1903 година“, како најголема битка меѓу комитските чети и турскиот аскер, во предвечерието на големото Илинденско востание во 1903 година. Пред неофицијалниот дел и дружењето, д-р Илија Глигоров прочита „јавна благодарност“ од одборот на секцијата до сите предавачи во текот на годината, до членовите на секцијата и до СБМ и граѓаните-продолжувачи со кои соработува секцијата во рамките на меморандумот за соработка потпишан помеѓу СЗПМ и СБМ.

Според вообичаениот распоред, на крајот на месецот се состанува Клубот на љубителите на книгата на разгранокот Аеродром. Клубот е раководен од професорот д-р Васил Тоциновски и постигнува одлични успеси. Според богатиот план, во текот на годината беа презентирани дела од авторите на убавиот македонски пишан збор со промоции на книги, а овој месец настапија писателите-пензионери, членови од ЗП-Солидарност-Аеродром. Аплаузите помеѓу два стиха, две песни, ја прекинуваа концентрацијата на слушателите кои одушевено ги поздравуваа своите пријатели кои пишуваат од душа за убавите нешта во животот, а најмногу за среќата, љубовта и здравјето.

На состаноците на секциите присуствуваше и претседателот на извршниот одбор, Димитрија Богатиноски. Тој искажа одбрани зборови за работата на секциите и посака да се продолжи со успешната работа и понатаму, а според планот за работа во 2017 година. Притоа кажа дека секциите биле помогнати со скромни финансиски средства за своите завршни средби во декември 2016 година. Честитајќи им ги новогодишните и божиќните празници на пензионерите и на нивните семејства, Богатиноски им посака добро здравје и среќа во наредните години. Одржаните програмски активности во декември 2016 година беа финансиски помогнати по одлука на извршниот одбор на здружението.



Особено одбележување имаше во разгранокот „Јане Сандански“, чии членови беа домаќини на традиционалната годишна прослава на денот на формирањето на разгранокот и отворањето на клубот. Со предновогодишна еуфорија, претседателката на одборот на разгранокот, Виолета Кусева, ги поздрави присутните домаќини и гости, меѓу кои беа и претседателот на здружението, Димитрија Богатиноски, претседателите на клубовите и гости од разграноците од здружението, претседателите на комисиите и на секциите. Покрај богатата трпеза, убавата музика создаде весела и другарска атмосфера. Особено доживување приреди познатата пејачка на македонски песни Ристана Николова - Рина, која исполни неколку изворни македонски народни и духовни песни.

Како круна на овие случувања, во последните денови на декември, во здружението беа одржани седници на извршниот одбор и на собранието. Седницата на собранието, како последна за оваа јубилејна година, беше во знакот на планирањето, со програма за работа и со финансиски план за наредната година. Меѓутоа, имаше и значајна точка, а тоа беше одлуката за измени и дополнување на статутот, со коишто се направени усогласувања во статутот на здружението со статутот на СЗПМ. Одлуката беше едногласно донесена и со која се воспостави функцијата претседател на здружението, кој воедно е и претседател на извршниот одбор. На собранието на здружението, како член и претседател на СЗПМ, до присутните се обрати Драги Аргировски. Тој најпрво ги искажа импресиите од неодамна одржаното собрание на СЗПМ, во врска со искажаното единство по сите прашања кои биле на дневен ред. Поздравувајќи ја досегашната работа на здружението и програмата за работа во 2017 година, тој ја истакна потребата за поголемо ангажирање и постигнување поголеми успеси во областа на спортот, а особено да се направат интензивни подготовки за учество на Петнаесеттите јубилејни ревии на песни, музика и игри. На пензионерите и на нивните семејствата им посака добро здравје и среќа во Новата 2017 година, исполнета со љубов и слога.

**И.Г.**



ЗП-КУМАНОВО

# Спортско-забавна вечер

Во организација на ЗП-Куманово, на 29 декември 2016 година, во ресторанот „Грација“ се одржа традиционалната спортско-забавна вечер на која беа прогласени најдобрите поединци спортисти и беа прославени постигнувањата во 2016 година. На присутните им се обрати претседателот на ЗП-Куманово, Спирко Николовски, при што истакнувајќи ги успесите на здружението на сите им ги честиташе новогодишните и божиќните празници. Особена благодарност упати до спортистите кои остварија забележителни резултати на пензионерската олимпијада во Радовиш.

На средбата се обратија и градоначалниците на општините Куманово и Старо Нагоричане, Зоран Дамјановски и Милован Стојковски, кои говореа за соработката на здружението со локалната самоуправа, и притоа дадоа ветување за поголема поддршка на активностите во наредната година.

За резултатите на спортистите во 2016 година зборуваше секретарот на ЗП-Куманово, Јовица Ванчевски. За најдобар спортист беше прогласен Блажо Станојков, освојувач на златен медал во фрлање ѓуле, а во машка конкуренција за најдобра беше прогласена екипата во шутирање пенали на мали голови во состав: Драган Пановски, Јовица Стојчевски, Војче Крстевски и Бранко Миленковски. Признанија добија и Јасмина Тодоровска, освојувачка на сребрен медал во трчање на 60 метри, Стојна Вељковиќ, носителка на среброто во домино, Мирко Цветковски - најуспешен тренер во атлетика, Јовица Ванчевски за најуспешен спортски работник, како и Јанинка Костадиновска, највозрасна натпреварувачка во шах. За спомен беше направена и заедничка фотографија, по што веселбата продолжи во пријатна атмосфера, со музика и игра, со надеж дека наредната година ќе биде подобра, поуспешна и посреќна за сите.

**Ј.Т.**

ЗП ВЕЛЕС

# По 22.пат „Блакцата на баба“

На 10 февруари 2017 година во Велес се одржа традиционалната манифестација „Блакцата на баба“, во присуство на околу 300 пензионерки и пензионери од повеќе здруженија-членки на СЗПМ. Прва присутните ги поздрави претседателката на Активот на пензионерки, Благојка Настова, а потоа на присутните им посака добредојде д-р Веле Алексоски, претседател на ЗП Велес. На гостите им се обрати и ги поздрави и градоначалникот на Општина Велес, Славчо Чадиев, кој посебно го истакна значењето на успешната соработка на локалната самоуправа со пензионерите, а манифестацијата за отворена ја прогласи претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, кој меѓу другото истакна:

-Минатата година прославивме 70 години од пензионерското организирање во Македонија, а оваа година вашето Здружение прославува 60 годишнина од постоењето. Тоа се убави јубилеи со какви ретко кој може да се пофали. Се надевам дека како Сојузот, така и ЗП Велес и во иднина ќе придонесуваат за уште подобар животен стандард на пензионерите и за подобри рекреативни меѓусебни дружења на лицата од третата доба.

На Манифестацијата се почувствува вкусот и мирисот на „Блакцата на баба“ кои ги донесоа вредните пензионерки. На трпезата се најдоа вкусни старински блакца од разни краеви на државата. Оваа мултиетничка манифестација има и хуман карактер бидејќи сретствата од продадените блакца одат за хуманитарни цели. Годинава „Блакцата на баба“ имаа и натпреварувачки карактер. Најдобри беа блакцата на пензионерките од ЗП Штип и Карбинци, потоа на тетовчанки, а трети беа блакцата на пензионерките од Лозово.

**Нада Алексоска**





ЗП-ПРИЛЕП

# Традиционални средби



Традиционално прилепските пензионери се собраа на заедничка веселба во ресторанот „Липа“. Повеќе од 200 пензионерки и пензионери не само од прилепското ЗП туку и гости од ЗП-Охрид и Дебрца, ЗП-Солидарност-Аеродром од Скопје, ЗП-Гази Баба од Скопје, Кичево, Велес и од други ЗП, со веселба и заедничко дружење си посакаа многу здравје и долг живот. На веселбата со свое присуство, а и исполнувања се придружија и членовите на КУД „Пензионер“ и КУД „Пенка Котеска“ при ЗП-Прилеп.

Најпрво присутните ги поздрави претседателот Кирил Ѓорѓиоски. Тој на најдобрите пензионери-спортисти и спортистки, членови на здружението кои на минатогодишните спортски државни средби освоија први, втори и трети места, им додели симболични парични награди, во зависност од освоените места. По повод минатогодишното одбележување на 70-годишнината од пензионерското здружување во Македонија и за добрата соработка на претседателите од гостинските здружениja им додели плакети.

На најстариот пензионер на средбата, на 94-годишниот Раде Спасески му беше доделена награда што од оваа година ја воведе ЗП-Прилеп. Спасески бил член на извршниот одбор на здружението, а сега е активен и во претседателството на Сојузот на борците во Прилеп.

Ден пред оваа средба, во Клубот на пензионерите при ЗП-Прилеп средба со пензионерите имаше и градоначалникот на Прилеп, Марјан Ристески, кој им додели календари и им посака многу вакви и слични средби.

Традиционално, Активот на пензионерките при ЗП-Прилеп го посети Здружението на заболени од церебрална парализа, каде што на болните дечиња им доделија алишта и новогодишни пакетчиња.

Ние имаме осумдесет деца заболени од церебрална парализа и сме благодарни на Активот на пензионерки при ЗП-Прилеп за катагодишните посети и подароците што ни ги доделуваат - ни рече претседателката Милка Печијареска.

Пензионерките од прилепското здружение заедно со двете КУД ги посетија и штитениците при домот за стари лица „Киро Крстески - Платник“, каде што убаво ги расположија и им подарија подароци. Средби на пензионерите се одржаа и во разграноците, каде што пензионерите меѓусебно се дружеа со песна и оро. К.Р.

# Дружење во домот за стари лица „Д-р Иван Влашки“ во Берово

Децата од ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ под менторство на нивните наставници им ја честитаа Нова година на корисниците во домот за стари лица „Д-р Иван Влашки“ во Берово.

Со пригодна програма, низ песни, игри и рецитали децата им посакаа годината што доаѓа да им донесе многу здравје, среќа и убави моменти на штитениците од домот, луѓе желни за внимание и посети.

Корисниците од домот со задоволство и насмевки на лицата ги гледаа подготвените точки на учениците и со аплауз и емоции ја проследија 40-минутната програма што за нив ја подготвија децата.

Директорот на ОЈУСЗСЛ „Д-р Иван Влашки“ им посака на сите да бидат здрави, среќни и задоволни и долги години да ги користат услугите што ги нуди установата.

Домот за стари лица во Берово нуди квалитетни и модерни услови за згрижување. Приоритет за сместување во домот имаат лицата со ниски примања и оние кои се во потешка здравствена состојба. Овој дом за стари лица во Берово е прв старечки дом во земјата, кој е општинска јавна установа и е резултат на големото ангажирање на градоначалникот Драги Наџински. Маја Белева



ЗП-ОХРИД И ДЕБРЦА

# Неуморен спортист и хроничар на фудбалот во Охрид и Охридско

**За својата активност во спортот како играч, член и делегат на многу функции во фудбалот, Димче Стојкоски - Лепиот има добиено многубројни награди и признанија**



Неодамна, пред охридската спортска јавност беше промовирана деветата книга на авторот Димче Стојкоски - Лепиот, под наслов „40 години Општински фудбалски сојуз и 40 години Здружение на фудбалските судии - Охрид“. Оваа своевидна монографија распространа на 348 страници текст и илустрирана со мноштво фотографии излегува во време кога двата сојуза прославуваат свој јубилеј.

За излегувањето на оваа книга битни се желбата и волјата на авторот Стојкоски, со помош на неколку спортски работници, да се зачуваат од заборав фудбалските настани и да бидат достапни за пошироката спортска јавност. Во книгата на едно место се претставени сите фудбалски екипи од територијата на Охрид и Дебрца, како и истакнати фудбалски спортисти, судии, тренери и спортски работници, кои дале несебичен придонес во развојот на фудбалот во Охрид. Со својата содржина и методолошкиот пристап, монографијата има претензии да послужи и како основа и поттик на спортските хроничари кои сакаат да истражуваат и пишуваат за фудбалот од својот регион и пошироко.

- Во монографијата речиси и да нема нешто незапишано од фудбалските случувања за последните 40 години. Од сите натпревари каде што сум присуствувал или што се играле во Охрид и Дебрца, има ставено слика или резултат. Нема натпревар кој не е запишан во книгата. Особено место има за најзаслужните, почесните претседатели, фудбалери и судии кои со успешност го претставувале Охрид во Македонија и во светот. Деветтава моја книга воедно е и последна, и ми останува уште само за 80-от роденден да направам видеозапис со исечоци од деветте промоции - рече на промоцијата авторот на книгата, Димче Стојкоски - Лепи.

На промоцијата, неговиот драг пријател и прв претседател на ОФС Охрид, Иван Новевски, кој е прв претседател и основач на ОФС Охрид изрази благодарност до својот колега.

- Немам зборови со кои можам да ја искажам големата благодарност, трудољубивоста, несебичноста и ентузијазмот со кој Стојкоски ги напиша деветте книги за фудбалот во Охрид и Охридско.

На промоцијата, пофални зборови за Стојкоски искажа и заменик-градоначалникот на Охрид, Ангел Јанев, кој минатата година бил дел од охридската судиска организација.

- Ова дело на Димче Стојкоски стави еден голем камен во мозаикот наречен историја на охридскиот спорт. Една година и јас бев дел од судиската организација и знам колку е тешко да се следи фудбалот, и покрај љубовта која очигледно ја поседува авторот на книгата. Оваа книга треба на сите нам да ни послужи и како пример како треба да се однесуваме во иднина. Ние како општина секогаш тежнееме несебично да го поддржуваме секој спортски клуб во нашиот град - истакна Јанев.

За својата активност во спортот како играч, член и делегат на многу функции во фудбалот и на републичко ниво, Стојкоски има добиено многубројни награди и признанија: Плакетата за почесен претседател на судиската организација за 50 години континуирана работа во фудбалот, неколку пати е прогласуван за најдобар спортски работник, добитник е на признание и пехар за животно дело во фудбалот, автор е на монографијата за првата топка и првиот клуб од 1921 година во Охрид, како и на монографијата за Општинскиот фудбалски сојуз.

Инаку, Димче Стојкоски - Лепиот десетина години е активен во областа на спортот во ЗП-Охрид и Дебрца. Вклучен е во атлетските спортски натпревари како тренер, судија, одговорен во неколку дисциплини, како на регионалните така и на републичките спортски натпревари на СЗПМ. Успесите на охридското здружение во спортот секако се и негови успеси, потврдуваат во здружението.

Со ова дело Стојкоски уште еднаш потврдува дека тој е еден и единствен, најплоден вистински хроничар за фудбалот во Охрид и Дебрца. К. Спасески

ЗП-СВЕТИ НИКОЛЕ

# Чествување на големиот светец свети Никола

Светецот свети Никола, познат како Никола Чудотворец, во целиот христијански свет и на Исток и на Запад е почитуван како светец и заштитник на морепловците, трговците, учениците и децата. Го споредуваат со Дедо Мраз, бидејќи тајно им подарувал пари на луѓето. Во некои земји празникот Свети Никола се слави и како детски празник, бидејќи тогаш децата добиваат подароци. Свети Никола е заштитник на многу градови. Тоа е празник кој најчесто се празнува во Македонија, и како куќна слава и како имenден.

Во Свети Николе пензионерите имаат две причини заради кои го празнуваат овој ден со особено внимание и голема почит. Едната причина е што градот го носи името на светецот и е патрон на малото гратче сместено во Овчеполието, а втората причина е што и здружението на пензионери од општината Свети Николе го носи истото име. Овој празник се празнува секоја година, па така беше и оваа година.

По тој повод, ЗП-Свети Николе за своето членство и за околу 350 пензионери од многу градови од Македонија на 15 декември 2016 година организираше заедничко дружење. Повторно се сретнаа старите пријатели, а се создаваа и нови пријателства и познанства помеѓу пензионерите од Струмица, Радовиш, Штип, Пробиштип, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Прилеп, Велес, Кавадарци и други места. Со топли и убави зборови на гостите прв им се обрати и им посака добредојде и добра забава претседателот на здружението, Никола Атанасов, со желба за уште поактивно живеење во третата животна доба. Средбата со свое присуство ја увеличи и и даде уште посвечена нота потпретседателот на извршниот одбор на СЗПМ, Салтир Каровски. Тој во својот поздравен збор им го честиташе празникот на домаќините, и на сите присутни им посака добро здравје, активно стареење и уште посреќни мигови во животот.

Со звуците на пријатната музика на оркестарот од ресторанот „Илинден" во селото Црнилиште, средбата прерасна во незаборавно дружење. Видно расположени пензионерите поминаа уште еден исполнет ден и се разделија со желба што поскоро повторно да се сретнат.

Вукица Петрушева



ЗП-ШТИП

# Хуманитарна посета на лицата со посебни потреби





По иницијатива на здружението „Цивитас", на 3.2.2017 година Активот на пензионерки од ЗП-Штип и Карбинци со раководството ги посети лицата со посебни потреби во здружението „Порака" и им подарија блокови и боички, бидејќи тие на работилниците цртаат, бојадисуваат мали грниња и изработуваат мали таписерии, дар за пензионерите. При посетата, претседателот Александар Захариев нагласи дека хуманоста на пензионерите секогаш е изразена преку вакви скромни подароци и дека кај лицата со посебни потреби во здружението „Порака" најголема радост предизвикале специјално изработените календари со нивна фотографија.

Претседателката на „Порака", Лилјана Крстева, изрази задоволство од соработката со пензионерите од ЗП-Штип и Карбинци и притоа нагласи дека оваа година здружението одбележува 50 години постоење и планираат зголемување на поголем број возрасни лица со пречки во развојот, кои по список ги има околу 90, а кај нив доаѓаат само десетина.

Претседателот на „Цивитас", Мартин Ѓоргиев, ја истакна потребата од давање помош на овие лица и нивно дружење со други лица, со што ќе се чувствуваат прифатени од средината.

За овие лица организираме работилници и мали екскурзии што ги прават многу среќни, изјави тој, а Стојка Гапева, секретарка во „Порака", изрази задоволство што може да им помогнат на овие лица со посебни потреби и дека на нив им е потребна поголема посветеност. За оваа посета, Верче и Благица изразија задоволство и среќа и упатија порака до другите лица со посебни потреби да дојдат и да се дружат со нив.

Цвета Спасикова

ЗП-ВЕВЧАНИ

# „Војводата Ставре Гогов - јунак и легенда"



Во Домот на културата во Вевчани се одржа промоција на книгата „Војводата Ставре Гогов - јунак и легенда" од пензионерот Мате Гогоски. Авторот е внук на војводата и е роден во Вевчани, а сега живее во Струга и е познат екоактивист во овој крај.

Монографијата за Ставре војводата ја промовира истакнатиот македонски новинар, публицист и писател Мишо Китаноски, кој е и уредник на книгата. Во својата пригодна реч нагласи дека книгата на авторот Мате Гогоски претставува вреден публицистички влог во расветлувањето на историското минато, поточно илинденскиот и поилинденскиот период во Вевчани, но и пошироко во Дримкол. Пред полната сала во Вевчани, тој уште подвлече дека книгата има четири дела, во кои е опишан животот на војводата Ставре Гогов од детството до неговата смрт, со прилози, народни песни, поетски творби од познати автори и фотографии.

Во промоцијата учествуваа уште и учениците Верица Мукоска и Илија Пешиноски, кои читаа делови од книгата, поетесата и писателка Стојанка Гогоска, инаку припадничка на лозата на војводата Ставре. На крајот пред присутните се обрати и авторот на монографијата, Мате Гогоски, кој со одбрани зборови кажуваше за својот дедо, војводата Ставре, за да истакне дека цел живот имал желба, која најпосле му се оствари, да напише и да објави книга за неговиот храбар дедо и јунак, којшто го положи својот живот во април 1907 година во родното Вевчани. Неговото обраќање, како и сето она што се кажа и прочита на промоцијата, беше проследено со интерес и со бурни аплаузи од вевчанци и од гостите од Струга, од околните населби и пошироко.

С. Кукунешоски

# Среќата доаѓа со стареењето

Според Галуповиот институт, луѓето стануваат посреќни како што стареат, но истражувачите не се сигурни зошто е тоа така.

Можеби има еколошки промени, можеби станува збор за психолошки промени на начинот на кој го гледаме светот, можеби причините се биолошки - на пример, појава на некакви хемиски процеси во мозокот или, пак, промени во функцијата на жлездите со внатрешно лачење - вели Артур А. Стоун, главен автор на студијата што е базирана на истражувањето.

Во истражувањето, со телефонска анкета биле опфатени над 340.000 луѓе во САД, на возраст од 18 до 85 години, на кои им биле поставувани прашања за возраста и за полот, за актуелните настани, личните финансии, здравјето и за други работи. Во анкетата, секое лице го рангирало севкупното задоволство од животот на скала од 10 поени, процена што многу луѓе можат да ја прават одвреме-навреме, иако не на строго формулиран начин. Во анкетата имало шест прашања на кои испитуваните одговарале со „да" или „не".

На пример, едно од прашањата било: дали сте ги доживеале следните чувства во текот на вчерашниот ден: задоволство, среќа, стрес, загриженост, гнев, тага. Одговорите, според истражувачите, откриваат „хедонистичка благосостојба", непосредно искуство на лицето со тие психолошки состојби, необременетост од подобрено сеќавање, како и субјективни процени што ги предизвикало прашањето за нивното општо задоволство од животот.

Едни други резултати објавени во записникот на Националната академија на науки во САД се интересни информации за старите луѓе и за оние кои стареат. Според нив, луѓето на 18-годишна возраст почнуваат да се чувствуваат мошне добро и имаат добро мислење за себе, а потоа, очигледно, животот почнува да си поигрува со нив и настануваат одредени промени, па тие почнуваат да се чувствуваат се полошо и полошо, додека да достигнат 50 години. Тогаш се случува остар пресврт и луѓето почнуваат да се чувствуваат се посреќни како што стареат. Така тие на 85 години се чувствуваат многу позадоволни од себе отколку што биле на 18 години.

Во однос на мерењето на емотивната состојба, истражувачите утврдиле дека стресот опаѓа од 22-та година натаму и достигнува најниска точка на 85 години! Што се однесува до загриженоста, таа останува постојано стабилна се до 50-та година, кога нагло почнува да опаѓа додека, пак, гневот постојано се намалува од 18-та година натаму. Чувството на тага достигнува максимум на 50 години, опаѓа до 73-та година и повторно благо се зголемува до 85 години.

Уживањето и среќата имаат слични графикони: и двете линии во графиконот постепено опаѓаат до 50-та година, константно се зголемуваат во наредните 25 години, а потоа многу малку опаѓаат и никогаш повеќе не ја достигнуваат ниската граница на почетокот на 50-тите години.

За луѓето што се помлади од 50 години и кои понекогаш можеби се чувствуваат потиштено, значи има утеха. Од сите овие истражувања може да се заклучи дека не треба на стареењето да се гледа само од мрачната страна, бидејќи истражувањата ја покажуваат и другата - поубавата. Со годините луѓето се повеќе се посветуваат на себе и на она што сакаат да го прават, а за што порано немале време и тоа ги прави посреќни!

К.С.А

ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

Прилогот „Пензионерски видици" е заеднички проект на „Нова Македонија" и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Страниците ги уредуваат: Калина С.Андонова Мендо Димовски од СЗПМ

Александар Димковски и Ненад Андонов од „Нова Македонија"